ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕЛЕГАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА КОСОВО ВО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВО

Размена на искуства , сличности и разлики меѓу здравствените системи, беше тема на денешните разговори на претставниците на Комисијата за здравство, труд и социјала при Парлементот на Република Косово со менаџментот на Фондот за здравствено осигурување. Посебен акцент на средбата беше даден на Законот за здравствено осигурување на Република Македонија, кој во Република Косово се уште е во фаза на изработка. Беа разгледани можностите за имплементација на одредени аспекти од оваа регулатива во здравствениот систем на Република Косово, а беше образложена и суштината на Законот за здравствена заштита.

На средбата беа презентирани искуства од функционирањето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои, според согледувањата парламентарната делегација, ќе бидат драгоцени во етеблирањето на Косовскиот фонд за здравство. Според претставниците на парламентарната комисија , Македонија има солиден здравствен систем кој во голема мера ќе биде пресликан во Република Косово.

ФЗОМ